NDIS Quality and Safeguards Commission

Почитуван учесник во Програмата NDIS,

**Мојата одлука да направам промени во регистрирањето на вашиот давател на услуги од Програмата NDIS во рамките на *Законот за Националната програма за осигурување при онеспособеност од 2013 г. (National Disability Insurance Scheme Act 2013)***

Ви пишувам за да ве известам дека одлучив да ги променам условите што треба да ги исполнува вашиот давател на услуги од Националната програма за осигурување при онеспособеност (National Disability Insurance Scheme – NDIS) за да биде регистриран од страна на Комисијата за квалитет и безбедност на Програмата NDIS (Комисија на Програмата NDIS).

Го замолив вашиот давател на услуги од Програмата NDIS да ви го даде ова писмо за да ви биде јасно зошто ги менувам условите што треба да ги исполнува давателот на услугите за да добие регистрација.

**Зошто се менуваат условите што треба да ги исполнува мојот давател на услуги од Програмата NDIS?**

Најважно од сè е личните поддршки што ви ги дава вашиот давател на услуги од Програмата NDIS да бидат со добар квалитет и безбедни.

Сакам да осигурам дека вашиот давател на услуги од Програмата NDIS:

- на соодветен начин ги согледува опасностите на кои можеби сте изложени во вашиот дом
- врши проверка на квалитетот на поддршките што ви ги дава
- бара од вас да кажете колку сте задоволни од тие поддршки.

За да се постигне тоа, додавам нов услов што вашиот давател на услуги од Програмата NDIS треба да го исполнува за да биде регистриран.

Тоа значи дека, почнувајќи од 19 декември 2020 г., според новововедениот услов за регистрирање, вашиот регистриран давател на услуги за помош при секојдневни лични активности (Assistance with Daily Personal Activities) во склоп на Програмата NDIS мора да осигури дека презема мерки да ве зачува безбедни ако одберете да добивате лична поддршка само од еден поединечен работник за поддршка и од ниеден друг. Овој нов услов ќе важи за сите регистрирани даватели на услуги од Програмата што им даваат секојдневна лична поддршка на учесниците во Програмата кои живеат сами.

Вашиот давател на услуги ќе треба во соработка со вас да оцени дали има некои работи што би можеле да ве изложат на опасност ако се потпирате само на еден работник. Исто така ќе треба да склучи договор со вас за следните работи:

- како ќе го надгледува вашиот работник за поддршка
- како ќе проверува колку сте задоволни од поддршките што ги добивате.

Сите даватели на услуги мора да чуваат ажурирани записи за сите учесници што добиваат секојдневна лична поддршка од страна на само еден единствен работник за поддршка.

Кон ова писмо приложувам целосна копија од новиот услов ако ве интересира да го прочитате.

Наскоро ќе почнеме да се советуваме со луѓето со онеспособеност, со организациите што ги застапуваат луѓето со онеспособеност, со давателите на услуги и со владите на државите и териториите за да ги внесеме овие нови услови во законот.

Ако имате какви и да било прашања, може да ни телефонирате на 1800 035 544, или да ни пратите електронско писмо на contactcentre@ndiscommission.gov.au. Повеќе информации за регистрирањето и за условите за регистрирање за регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS може да се најдат и на нашето место на интернет на www.ndiscommission.gov.au.

Многу наскоро овие информации ќе ги имаме и во форма што е лесна за читање (easy read), на Брајовата азбука и на јазикот Auslan, како и на други јазици на заедницата.

**Права на повторно разгледување на оваа одлука**

Ако живеете сами и добивате нега само од еден единствен работник за поддршка, во тој случај сте директно засегнати од мојата одлука да ги изменам условите што треба да ги исполнува вашиот давател на услуги од Програмата NDIS за да се регистрира. Имате право да побарате оваа одлука да биде повторно разгледана од некој друг член на Комисијата на Програмата NDIS. Повторно разгледување на оваа одлука може да побарате во рок од три месеци откако ќе го добиете ова писмо.

Може да побарате повторно да ја разгледаме одлуката ако ни телефонирате на 1800 035 544, пратите електронско писмо до registration@ndiscommission.gov.au или ни пишете на адреса:

NDIS Quality and Safeguards Commission
PO Box 210
PENRITH NSW 2750

Во вашето барање треба да ни кажете зошто мислите дека оваа одлука не е добра за вас и за поддршките што ги добивате.

Штом ќе го добиеме вашето барање за повторно разгледување, овластено лице од Комисијата на Програмата NDIS повторно ќе ја разгледа одлуката. Ќе бидете известени за резултатот во најкусо можно време откако ќе биде добиено барањето.

Искрено ваша

**Samantha Taylor PSM**
**Службеник за регистрирање**
**Комисија за квалитет и безбедност на Програмата NDIS**
*Овластена врз основа на дел 202А од Законот за Програмата NDIS*

# Дополнителен услов што треба да се исполнува за регистрирање

Врз основа на дел 73G од *Законот за Националната програма за осигурување при онеспособеност од 2013 г. –* Закон за Програмата NDIS *(National Disability Insurance Scheme Act 2013* - (NDIS Act)

## Дополнителен услов поставен врз основа на дел 73G од Законот за Програмата NDIS за давателите на услуги за помош при секојдневни лични активности на учесници во Програмата кои живеат сами

(1) Овој услов важи за давателот на услуги само ако давателот на услуги е регистриран за давање лична поддршка.

(2) Овој услов почнува да важи на 18 декември 2020 г.

(3) Во врска со овој услов:

***соодветен/соодветна/соодветно*** значи соодветен/соодветна/соодветно во однос на можните опасности на кои би можел да биде изложен учесникот во Програмата.

***комуникација лице в лице*** или ***контакт лице в лице*** значи лична и директна комуникација или контакт со учесникот во Програмата и не ги опфаќа комуникацијата или контактот што се вршат преку интернет или на посреден начин.

***учесник во Програмата*** значи учесник во Програмата кој живее сам.

***лична поддршка*** се однесува на оние видови поддршка што се опишуваат како помош при секојдневни лични активности во склоп на Националната програма за осигурување при онеспособеност.

***можни опасности*** се однесува на чинителите што би можеле да имаат значително штетно влијание врз способноста на учесникот во Програмата да учествува во животот на заедницата, а тоа се чинителите набројани во член (7), а ***можни опасности за учесникот*** се однесува на можните опасности (ако постојат) за кои врз основа на член (4)(b) е проценето дека постојат во однос на учесникот во Програмата.

***договор за услуги*** значи договор за услуги во врска со давањето лична поддршка.

***работник за поддршка*** се однесува, во однос на учесникот во Програмата, на поединецот што му дава лична поддршка на учесникот.

(4) Во согласност со член (5), давателот на услугите не смее да дозволи личната поддршка на учесникот да му ја дава само еден ист работник за поддршка освен ако давателот на услуги:

(a) Прво, оценил дали постои некоја од можните опасности во однос на учесникот; и

(b) Второ:
  (i) склучил писмен договор за услуги со учесникот; или
  (ii) подготвил писмен предлог-договор за услуги што би го склучил со учесникот, ги направил сите разумни напори за да го склучи тој договор со учесникот и на учесникот му доставил копија од тој договор.

*Напомена: Договорот за услуги не мора да биде ограничен само на давањето лична поддршка. Тој може да се однесува и на други поддршки или услуги што му се даваат на учесникот. Договорот за услуги мора да биде во согласност со членовите (8) и (9).*

(5) Ако, во моментот кога овој услов ќе стапи на сила, некој давател на услуги веќе дозволува некој учесник да добива лична поддршка само од еден единствен работник за поддршка, давателот на услугите има рок до 19 декември 2020 г. да ги исполни условите од член (4) во однос на тој учесник.

(6) Ако давателот на услуги  му дал на учесникот копија од предлог-договор за услуги (како што е опишано во член (4)(b)(ii)), давателот на услуги мора да му ја даде личната поддршка на учесникот во согласност со условите содржани во предлог-договорот.

(7) Подолу се наведени можните опасности:

(a) Учесникот не добива поддршки или услуги што вклучуваат редовен контакт лице в лице со учесникот од ниеден друг давател на услуги од Програмата NDIS.

(b) Кога постои некоја од следните ситуации:
  (i) Учесникот или планот на учесникот наведува дека учесникот има ограничен или нередовен контакт лице в лице со роднини, пријатели или други луѓе кои учесникот добро ги познава.
  (ii) Без помош од друго лице, учесникот има ограничена или никаква телесна подвижност.
  (iii) Учесникот користи опрема што му овозможува да биде телесно подвижен или што ја олеснува неговата телесна подвижност.
  (iv) Без помош од друго лице, учесникот има ограничена или никаква способност да комуницира со други луѓе.

(v) Учесникот користи опрема што му овозможува или му олеснува да комуницира со други луѓе, вклучувајќи и овозможување или олеснување на користењето телефон или друга направа.

(8) Давателот на услуги мора:

(a) да ја има во писмена форма својата проценка за можните опасности за учесникот;
(b) веднаш штом ќе биде тоа разумно остварливо по извршувањето на проценката, да му даде на учесникот копија од проценката;
(c) да стави копија од проценката во досието на давателот на услуги кое се однесува на учесникот; и
(d) веднаш кога тоа ќе биде можно откако давателот на услуги станал свесен за каква и да било промена во околностите што би можела да има значително влијание врз давањето на лична поддршка на учесникот:
(i) да ја ажурира проценката за да ја опфати со неа и настанатата промена;
(ii) да му достави копија од ажурираната проценка на учесникот; и
(iii) да стави копија од ажурираната проценка во досието на давателот на услуги кое се однесува на учесникот.

(9) Договорот за услуги или (кога важи член (4)(b)(ii)) предлог-договорот за услуги меѓу давателот на услугите и учесникот мора да ги земе предвид можните опасности за учесникот и во него мора подробно да бидат наведени:

(e) правата и обврските што произлегуваат од договорот и за учесникот и за давателот на услугите;
(f) начините на кои ќе биде избран работникот за поддршка на учесникот, вклучувајќи ја и улогата што ќе ја има учесникот во тој избор;
(g) постапката што ќе се користи за да се разгледа применувањето на договорот, а која мора да вклучува некое друго лице, а не работникот за поддршка, кое директно ќе врши проверка кај учесникот, и тоа на соодветни временски растојанија, колку е задоволен учесникот од видот, квалитетот и зачестеноста на личната поддршка што ја добива;
(h) начините на кои давателот на услуги ќе го надгледува и следи учинокот на работникот за поддршка за да осигури дека учинокот е доследен на договорот, и начините на кои давателот на услуги ќе ги надгледува и следи безбедноста и добросостојбата на учесникот, а што мора да вклучуваат (во рамките на можностите) посети од страна на надзорник во домот на учесникот, во точно определени и соодветни временски растојанија, за да се изврши личен надзор на работникот за поддршка;
(i) начините на кои давателот на услугите ќе комуницира со учесникот и кои мора да вклучуваат (во рамките на можностите) комуникација лице в лице со учесникот во домот на учесникот и на соодветни временски растојанија;

(j) начините на кои давателот на услугите ќе соработува со другите даватели на услуги кое можеби ќе бидат вклучени во давањето поддршки или услуги на учесникот во домот на учесникот или во поддржувањето на учесникот да има пристап до активности што се одвиваат во заедницата.

(10) Ако се утврди дека постои која и да било од можните опасности во однос на учесникот, давателот на услуги мора да осигури дека:

(a) има писмено документиран план за надгледување на работникот за поддршка на учесникот што е соодветен со оглед на можните опасности за учесникот и дека тој план се спроведува на дело;

(b) сите клучни членови на персоналот на давателот на услугите добиваат редовни извештаи во врска со грижата и вештината со кои работникот за поддршка му дава лична поддршка на учесникот, при што тие извештаи треба да се доставуваат со редовност што е соодветна со можните опасности за учесникот; и

(c) давателот на услугите презема соодветно дејство, без никакво неразумно одлагање, за да ги реши сите загрижувачки прашања од тие извештаи.

(11) Давателот на услугите мора да чува ажурирани писмени записи за сите учесници за кои давателот на услугите дозволува да добиваат лична поддршка само од еден единствен работник за поддршка.